| | |
|---|---|
| **НЕДЕЛНА ТЕМА:** | Патен и железнички сообраќај |
| **СОДРЖИНА НА ДЕНОТ:** | Сообраќаен полицаец |
| **ВОЗРАСТ:** | 4-6 години |
| **ВОСПИТУВАЧ:** | Лилјана Црвенкоска |
| **ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| **ЗДРАВИ И БЕЗБЕДНИ НАВИКИ:** | Прошетка до најблиската сообраќајница и забележување на сообраќајните знаци. |
| **АКТИВНОСТ:** | - Активноста започнува со кратка прошетка до сообраќајна крстосница, а во блиската околина, каде детето преку непосредно набљудување и краток разговор од виденото ќе се воведе во темата на активноста со обработка на стихотворбата со наслов „Сообраќаен полицаец”. После прошетката, во домашни услови, возрасниот ја чита стихотворбата во целост, а детето внимателно слуша, па се води разговор со детето за содржината на стихотворбата, преку прашања од возрасниот и одговори од детето и се објаснуваат непознатите зборови во содржината на стихотворбата.<br>- Детето се воведува во заучување на стихотворбата со помош на возрасниот на следниот начин: најнапред возрасниот чита стих по стих, па детето повторува, потоа возрасниот чита строфа по строфа па детето повторува и така неколку пати, се додека детето може самостојно да ја рецитира стихотворбата. На крајот, по желба на детето самостојно ја рецитира стихотворбата.<br>- Активноста може да заврши со цртање на тема „Сообраќај” со дрвени боици, по сеќавање на детето од прошетката во блиската околина. |